Република Северна Македонија
Национален совет за високо образование и научноистражувачка дејност

***Е Т И Ч К И   К О Д Е К С***

***ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА***
**НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И НАУЧНО – ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

***Скопје***
***Август, 2021 година***

Врз основа на член 44 став 7 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82 од 08.05.2018) и член 27 став 2 од Деловникот за работа број 1410-5 од 09.07.2021 година, на седница одржана на 26.08.2021 Националниот совет за високо образование и научно – истражувачка дејност донесе

## *ЕТИЧКИ КОДЕКС*
## *ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА*
## НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И НАУЧНО – ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

### *ПРЕАМБУЛА*

*Етичкиот кодекс на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност (во натамошниот текст: Советот) има за цел на неговите членови да им ги приближи моралните начела, според кои ќе се водат во нивното професионално работење и кои ќе им помогнат во одлучувањето при целокупната работа која е во надлежност на Советот.*
*Етичкиот кодекс се однесува на сите членови на Советот, а со прифаќањето на истиот, тие се обврзуваат доследно да ги почитуваат пропишаните етички начела, кои секогаш обезбедуваат заштита на угледот на Советот, личниот углед и достоинство, угледот и достоинството на сите останати со кои соработуваат.*
*Со оглед на фактот што ниту еден кодекс на однесување не може да го предвиди и опфати сите ситуации, или да ги одреди сите елементи на прифатливо однесување, доброто академско расудување и здравиот разум се најдобар водич во случаи кога овој кодекс на однесување не опфаќа одредено прашање или околност.*
*Етичкото однесување треба да произлегува од личната посветеност на основните начела и од желбата секогаш да се настапува со морален интегритет. Ваквиот однос ќе придонесе за поголема правичност во работата и поставување на високо морална работна култура, како што се:*

- *должност за почитување и постапување на членовите на Советот, согласно со позитивните законски и други прописи,*
- *одбегнување на судир на интереси и пријавување на евентуален судир на интереси,*
- *должност на членовите за чување на доверливи податоци,*
- *почитување на достоинството на високообразовните и научните институции и на колешките/колегите членови на академската заедница,*
- *отфрлање на било какви политички влијанија или притисоци од државни органи или други надворешни институции.*

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Предмет и цели на Етичкиот кодекс**
**Член 1**

(1) Со овој Етички кодекс се утврдуваат етичките начела како стандарди и принципи за начинот на однесување, постапување, одлучување и остварување на активностите на членовите на Националниот совет за високо образование и научно – истражувачка дејност (во натамошниот текст: Советот).

(2) Почитувањето на начелата од овој Етичкиот кодекс треба да придонесе за изградување и одржување на дигнитетот на Советот и остварување на целите поради коишто Советот е формиран на начин што подразбира толеранција, меѓусебно почитување, почитување на академската слобода, академската автономија и етаблираните научно-истражувачки вредности и стандарди.

(3) Членовите на Советот ги применуваат и се придржуваат кон основните начела од овој Етичкиот кодекс во меѓусебната комуникација и во комуникацијата со претставници на академската заедница.

(4) Изразите употребени во овој Етичкиот кодекс кои се родово определени, се користат неутрално и се однесуваат еднакво на лица од женски и од машки пол.

## II. ОСНОВНИ НАЧЕЛА

**Начело на професионално однесување**

**Член 2**

(1) Професионалноста на членовите на Советот подразбира совесно, навремено, одговорно, отчетно, објективно и ефикасно постапување, меѓусебно почитување и ценење и практикување на академски пристап во однесувањето, работењето и одлучувањето, одржување на академската традиција и култура, уважување на различните ставови и мислења и поттикнување аргументирана дискусија.

(2) Членовите на Советот не треба да го загрозуваат квалитетот на високото образование и

научно-истражувачката дејност, ниту пак да прават отстапки од исполнетоста на законските услови за истите.

(3) Професионалноста подразбира и постапување кое е во согласност со законските прописи и надлежности на Советот, стручните, научните и уметничките знаења, нормативите, стандардите и методологијата кои се прифатени на единствениот европски простор за високо образование и научно-истражувачка дејност, искуството во научно-истражувачката дејност и основните начела на овој Етички кодекс.

(4) Професионално однесување во текот на седниците подразбира пристојнон облекување, непрекинување на говорникот и одбегнување на користење компјутер, мобилен телефон или други електронски уреди на начин што го попречува текот на седницата.

**Начело на колегијалност и партиципативност**

**Член 3**

(1) Колегијалноста и партиципативност подразбира негување односи на тимска работа, лојалност, почитување и заштита на заедничките интереси, активно учество во комисии и работни тела на Советот.

(2) Партиципативноста подразбира и учество во дискусии и одлучување со искористување на сопствените интелектуални способности и капацитети и искуството во научно-истражувачката дејност, како и лична иницијатива.

**Начело на доверливост**
**Член 4**

Информациите што членовите на Советот ги добиваат во текот на работата, извршувајќи ги своите стручни експертизи, не треба да ги пренесуваат и коментираат во јавноста, со цел да се спречи злоупотребата на информациите, ширење на шпекулации и нарушување на угледот на Советот.

**Начело на личен интегритет и морални стандарди**

**Член 5**

(1) Членовите на Советот треба да постапуваат на начин што манифестира чесност, пристојност, самостојност и независност, однос преку кој се настојува да се унапредат сопствените морални вредности и да се одбегнува каков било судир на приватниот и јавниот интерес, а воедно не смеат да ги користат средствата за масовна комуникација за сопствено промовирање за сметка на Советот.

(2) Членовите не смеат да го злоупотребуваат својот авторитет заради остварување на лични, семејни и политички интереси за која било цел и должни се да им се спротивставуваат на сите интервенции кои влијаат на објективноста во работењето на Советот, како и постапките кои се во надлежност на Советот.

(3) Кога членот на Советот ќе оцени дека од него се бара делување кое е во спротивност со неговите етички начела или лични интелектуални уверувања или совест, должен е да покрене расправа за таа тема.

(4) Интегритетот и моралните стандарди се остваруваат и со воздржување од изразување на своите политички, верски и други лични ставови или ставови на групи на кои припаѓа членот на Советот, што може да поттикнат сомнеж за пристрасност или нарушување на неутралниот академски став.

(5) Морална обврска на членовите на Советот е да укажуваат на неетичкото однесување на своите колеги, односно кршењето на одредбите од овој Кодекс.

**Начело на еднаков третман и недискриминација**

**Член 6**

(1) Еднаквот третман се обезбедува на начин што доделените задачи и активности се остваруваат без фаворизирање и нагласување на личниот интерес и со едновремено почитување на плурализам на интелектуалните ставови, правата, интегритетот и достоинството на другите.

(2) Членовите на Советот поддржуваат културна, општествена, политичка, философска, верска и економска разновидност, што е исклучително богатство кое треба во потполност да се почитува.

(3) Недискриминацијата подразбира однесување и постапување без оглед на раса, боја на кожа, потекло. национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално

потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа која е предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор.

**Забрана на сите облици на вознемирување и говор на омраза**

**Член 7**

(1) Забранет е секој облик на вознемирување што подразбира несоодветно однесување со кое се повредува личното достоинство, половата слобода и интегритет, вербално заплашување, закана или навредување, како и физички контакт што создава чувство на вознемирување, закана или заплашување.

(2) Забрането е користење на зборови и изрази што може да навредат или омаловажат друг, користење изрази или нивни синоними кои го навредуваат човековото достоинство и поттикнуваат омраза, нетолеранција и насилство.

## III. ЕТИЧКИ ОДБОР

**Член 8**

(1) Надзорот за примена и следење на почитувањето на Кодексот е во надлежност на Етичкиот одбор.
(2) Етичкиот одбор е составен од 3 (три) члена и тоа од претседател и двајца членови.
(3) Членовите на Етичкиот одбор ги предлага претседателот на Советот и имаат мандат од една година.
(4) Етичкиот одбор по завршување на мандатот е должен да достави извештај кој се разгледува на седница на Советот..

**Член 9**

(1) Етичкиот одбор постапува по сопствена иницијатива или по претставки од член на Советот кој забележал непочитување на основните начела и неетичко однесување или постапување на друг член или членови на Советот, во рамките на опфатот на примена на овој Етички кодекс.

(2) Претставката мора да содржи:

I. име и презиме на подносителот на претставката, име и презиме на член на Советот на кого се однесува и датум на преземање на дејствието за наводна повреда на некое од основните начела
II. детален опис на преземеното дејствие
III. своерачен потпис на подносителот и датум на поднесување на претставката.

(3) Во прилог на претставката може да се достават и докази, во завиност од оцената на подносителот.

(4) Претставката едновремено се поднесува до претседателот на Советот, заради запознавање, и до претседателот на Етичкиот одбор основан согласно овој Етички кодекс, заради постапување.

(5) Етичкиот одбор не постапува по анонимни претставки.

**Член 10**

Етичкиот одбор ја разгледува претставката и може записнички да констатира дека ја отфрла како недозволена ако оцени дека нема основ за постапување затоа што не е повредено некое од основните начела, ако претставката не содржи доволно податоци од кои може да се оцени нејзината основаност или ако повредата е сторена пред влегување во сила на овој Етички кодекс.

**Член 11**

(1) Етичкиот одбор постапувајќи по сопствена иницијатива или по претставка должен е членот на Советот кој не постапува согласно основните начела на овој Кодекс најпрвин да го предупреди и да му обрне внимание на однесувањето односно постапувањето во обид неформално да се разреши етичкото прашање, при што му се дава примерок од претставката односно му се елаборираат основите за постапување по сопствена иницијатива.

(2) Ако на членот на Советот претставката не му била дадена односно основите за постапување по сопствена иницијатива не му биле елаборирани во смисла на ставот (1) на овој член, тие му се доставуваат на пријавената електронска адреса за комуникација во Советот, со укажување дека има право на писмено произнесување во рок од 3 дена од нивното испраќање.

**Член 12**

Етичкиот одбор, кој не успеал на неформален начин да го разреши етиичкото прашање, закажува седница и може донесува извештај во кој констатира дека:

- претставката се одбива како неоснована или
- постои повреда на основните начела од овој Етички кодекс.

(2) Извештај во кој констатира дека претставката се одбива како неоснована ќе се донесе кога Етичкиот одбор ќе констатира дека нема повреда на основните начела од овој Етички кодекс.

(3) Кога Етичкиот одбор ќе констатира повреда на основните начела од овој Етички кодекс за првпат, донесениот извештај го доставува до подносителот на претставката, членот на Советот на кого тој извештај се однесува и еден примерок се зачувува во архивата на Советот. При контатирана повторена повреда на основните начела на овој Етички кодекс, извештаите се доставуваат до органот што согласно член 42 став (1) од Законот за високото образование го предложил членот на Советот.

(4) За поднесената претставка и одлуката на Етичкиот одбор, членовите на Советот се известуваат на првата наредна седница на Советот.

**Член 13**

Етичкиот Кодекс јавно се објавува на интернет страницата на Советот.

**IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 14**

(1) Сите членови на Советот се должни да се запознаат со одредбите на овој Етички кодекс и да се грижат за негова правилна примена.

(2) Членовите на Советот потпишуваат Изјава со која изјавуваат дека ќе ги почитуваат одредбите од овој Кодекс, се обврзуваат за доверливост, заштита и неоткривање на доверливи информации и гарантирање на непостоење на судир на интереси, во процесот на нивниот ангажман при преземање активност или постапки кои се во надлежност на Советот.

**Член15**

Овој Кодекс влегува во сила со денот на неговото донесување.

*Скопје, 26.08.2021* *ПРЕТСЕДАТЕЛ*

Република Северна Македонија
Национален совет за високо образование и научноистражувачка дејност

*на Националниот совет*
*за високо образование и научно-истражувачка*
*дејност*
*проф. д-р Тодор Серафимовски с.р.*

Скопје, 16.08.2021

Предлагачи:
Проф. д- р Тодор Серафимовски – претседател на НС
Проф д-р Гордана Лажетиќ, член на НС
Проф. д-р Фатон Шабани. член на НС

Објава:
Интранет на Национален совет, www.mon.gov.mk Карактер на документот: Јавен карактер
Целна група: членови на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност